Оригинален научен труд
**UDC 930.85(497.7)**

# МАКЕДОНИЈА ВО КНИЖЕВНИТЕ ДЕЛА НА ЛАВ VI И КОНСТАНТИН VII: ИСТОРИЈА И ЛЕГЕНДА

**Митко Б. Панов**
*Институт за национална историја,Скопје, Македонија*

The analysis of the works of emperors Leo VI and Constantine Porfyrogenitus illustrate the tendency of representatives of the Macedonian dynasty in Byzantium for creating the impression that they are associated with the name Macedonia as well as with the Macedonian historical traditions. This ideology was generally created by Porfyrogenitus who, in his *Vita Basilii,* introduced the story about a direct relationship with Philip II and Alexander III the Macedon in the genealogy of his grandfather Basil I, apart from the ancient Armenian ancestry with the Arsacids,. To attach the Macedonian descent of the dynasty founded by Basil I, in his *De thematibus* Porfyrogenitus deliberately represented Macedonia in a wider geographical area, creating an impression that the administrative unit–theme with the same name Macedonia was an integral part in geographical as well as in historical connotation. The tendency for glorification of the dynasty with the Macedonian historical traditions resulted in its definite association with the name Macedonia and Macedonians, which became an essential part of the identity appellation and identification of the emperors of the Macedonian dynasty. This political ideology significantly impacted the perception of the Byzantine authors and their use of Macedonian terminology in elaborating the contemporary events related to Macedonia in the 9$^{th}$-12$^{th}$ century.

Македонија како територија која била директно асоцирана со македонските културно-историски традиции од времето на Филип II (359-336 пр. н.е.) и Александар III (336-332 пр. н.е.) и кои биле непосредно практикувани од населението, континуирано претставувала инспирација за политичката елита, независно од империјалната провиниенција. Континуитетот во одржувањето на изворното практикување на македонските традиции, асоцијацијата која ја обезбедувала Македонија со апостолските зачетоци на христијанството во Европа, паралелно со империјалната димензија која ја симболизирал Александровиот владетелски модел, биле фактори кои ја инспирирале и политичка елита во Византија. Ваквата тенденција, која може да се карактеризира и како своевидна пројава на „македонизам“ на ниво на империјална власт, нашла директна

рефлексија при креирањето на византиската политичка идеологија во втората половина на IX и првата половина на X век.

Во периодот на почетните воени успеси на Византија во реставрирањето на балканските територии кон крајот на VIII век, кои биле ефектуирани во создавањето на новата воено-административна единица – тема именувана како Македонија, а лоцирана во западна Тракија, византиските императори симболично ги најавиле плановите за реставрирање на власта во историска Македонија. Административниот термин Македонија за истоимената тема кој се етаблирал во византиската документација, станал основа за креирањето на новата византиска идеолошка концепција на императорската династија основана од императорот Василиј I (867-886). Во тој контекст, анализата на книжевниот опус на директните наследници на Василиј I, неговиот син Лав VI (886-912) и внукот Константин Порфирогенит (913-959), овозможува да се дефинираат мотивите за креирањето на новата византиска идеологија заснована на сопствената репрезентација на императорите како Македонци, што станало и составен дел од идентитетската апелација, која ги придружувала императорските имиња.

Византиските извори кои го третираат потеклото на императорите од македонската династија генерално упатуваат на „ерменскиот род“,[1] независно од нивната асоцијација со креираниот етноним „Македонци“ по кој тие станале препознатливи. Сведоштвата на високо едуцираните Лав VI и Константин Порфирогенит, недвосмислено ја илустрираат потребата од акцентирање на ерменското генеолошко потекло на нивната династија, ставајќи го Василиј I во фокусот на идеолошкиот концепт. Мотивите за зацврстување на позицијата на македонската династија преку

---

[1] Во историографијата преовладува ставот за ерменското потекло на Василиј I, со исклучувањето на древната врска со Арсакидите: Markopoulos, 1994: 159-170; Treadgold, 2001: 113; Крсмановић, Радошевић, 2004: 77-81; Tobias, 2007: 1-24; Tougher, 2008: 294-295. Schminck, 2000: 61-8 неосновано смета дека Василиј I бил од „чиста грчка крв“. Shepard: 2008, p. 19, без посебна елаборација упатува на можното „словенско потекло“ на Василиј I. Во овој контекст интересно е да се напомене дека арапските извори од подоцнежниот период го идентификуваат Василиј I како Словен (ал – Сакалиб). Преглед на арапските извори за потеклото на Василиј I, кај Tobias: 2007, p. 20-24. Етнонимот Словени за авторите од арапска провиниенција во X век претставувал синоним за етнонимот Македонци, што било комплементарно со географското дефинирање на Македонија како земја „на Словените“ (ас-Сакалиба) со која меѓу другото се идентификувала и историската територија на Македонија, која била диференцирана од Бугарија и од темата Македонија.

возвеличувањето на евидентното скромно потекло на нејзиниот основач,[2] резултирале со создавањето на евлогистична претстава за Василиј I преку креирањето на легенда непосредно по неговата смрт. Во тој контекст императорот Лав VI во *Посмртното слово* за неговите родители чувствувал за потребно да го акцентира ерменското потекло на неговиот татко, притоа воспоставувајќи преку Василиј I директна генеолошка врска со древниот род на Арсакидите (Hausherr, 1932: 44-48). При креирањето на Василиевата генеологија Лав VI несомнено бил под силно влијание на Фотиј, на што најверојатно се должи и интегрирањето на древната историска врска на династијата со ерменските Арсакиди.[3]

Забележливо е отсуството на македонската компонента во генеолошката конструкција на Лав VI содржана во *Посмртното слово*, независно од фактот што за време на неговото владеење династијата веќе станала препознатлива како македонска. Сепак, постои елемент кој ја разоткрива тенденцијата на Лав VI за извесно поврзување со македонските традиции и тоа преку култот на св. Димитрија. Неспорен индикатор се трите хомилии кои Лав VI ги составил во чест на св. Димитрија, што претставува единствен пример во дотогашното практикување на византиската империјална власт.[4] Хомилиите биле инкорпорани и во церемонијалната процесија, проследени со химна и литургија при празнувањето на св. Димитрија. Официјалната церемонија се одвивала во императорската палата и во црквата Св. Димитрија во Константинопол, изградена на иницијатива на Лав VI, што дополнително укажува на истакнатото место кое го заземал култот во императорската идеологија.[5] Иако самиот Лав VI не ја наведува причината за неговата силна посветеност кон св. Димитрија, во

[2] Во анонимната поема за Василиј I јасно се констатира неговото скромно и сиромашно потекло. Markopoulos, 1992: 225-232, кој го идентификува патријархот Фотиј како автор на поемеата.

[3] *Vita Ignatii* (Migne, 1862: col. 565-568) и *Pseudo Symeon* (Bekker, 1838: 689-690), упатуваат на директната инволвираност на Фотиј во креирањето на измислената древна генеологија за Василиј и поврзаноста со Арсакидите. Cf. Dagron: 2007: p. 37, 192, n. 5, кој смета дека Лав VI всушност ја следел креираната легенда од Фотиј во *Посмртното слово*, но со извесна резерва, констатирајќи истовремено дека Василиј I бил избран од Господ за владетел.

[4] Antonopoulou, 1997: 62, хронолошки го определува составувањето на хомилите во чест на св. Димитрија во раниот период на владеењето на Лав VI.

[5] Const. Porf. *De Ceremon*, I, 30 (Bonn, 1829: 21). Cf. Magdalino, 1990: 199-200; Antonopoulou, 1997: 46-48; Dagron, 2007: 39-40; 46-49. За црквата посветена на св. Димитрија во Константинопол изградена на иницијатива на Лав VI, Janin, 1969: 88-94.

*Житието на св. Теофана* е содржана епизода која во извесна смисла ги открива мотивите за неговата длабока поврзаност со солунскиот чудотворец. Имено, во Житието е наведена сторијата за потпаѓањето на Лав VI во заточеништво поради обвинението за наводно конспирирање против Василиј I. Наоѓајќи се во ваква состојба, според *Житието*, Лав VI и неговата сопруга Теофана имале визија во која се појавил млад човек во воена облека и со оружје во рацете, кој ги охрабрил дека Господ ги слушнал нивните молитви и дека тој бил „повикан да дојде од Солун“ за да ја презентира вистината пред императорот Василиј. Епизодата завршува со рехабилитацијата на Лав VI, кој со тоа всушност го обезбедил наследството на императорската функција благодарение на директното инволвирање на св. Димитрија (Vita Theophano, ed. Kurtz, 1989: 10-11). Специјалната посветеност на Лав VI кон св. Димитрија е манифестирана и преку императорската одлука за трансфер на византиските трговски активности со Бугарија од Константинопол во Солун во 893 година, што може да се протолкува како израз на своевидна благодарност кон св. Димитрија преку обезбедувањето на бенефиции за градот и за црквата на светецот.[6]

Независно од силното почитување на култот на св. Димитрија, во книжевните дела на Лав VI, доминантно место во генеалогијата на Василиј I зазема ерменскиот сегмент, што е проследено и со компарацијата со Давид како владетелски модел.[7] Во секој случај, евидентно е дека ерменската компонента биолошки произлегувала од претците од Ерменија, која послужила како основа за фабрикување на генеалогијата од страна на Лав VI, под непосредно влијание на Фотиј. Тоа било направено во функција на демонстрирање на историските корени кои требало да ја потврдат древната врска на династијата со славните Арсакиди.

За разлика од ерменската, македонската компонента во генеологијата на Василиј I, била креирана и придодадена подоцна од

[6] Magdalino, 1990: 198-201. Touher, Leo VI: 188-190, изразува резерва во однос на Каменијатовото сведоштво дека градот бил оставен сам на себе при освојувачкиот напад на Арабјаните во 904, укажувајќи дека Лав VI всушност се ангажирал во одбраната на градот преку дипломатски и воени мерки. Тој упатува и на фактот дека патријахот Никола одржал служба по падот на Солун, додека Лав VI составил поема во која го изразил своето жалење за овој настан.

[7] Markopoulos, 1994: 159-170; Dagron, 2007: 199-200. Markopoulos, 1992: 225, укажува на забележливата тенденција во анонимната поема за Василиј I, за акцентирање на паралелизмот во однос на скромното потекло на Василиј I и на Давид.

страна на *Константин Порфирогенит* (912-959). Тенденцијата за внесување нов суштински елемент во генеологијата било комплементарно со потребата за доработување на генеалошката легенда, со оглед дека за потребите на новата византиска идеологија било неопходно директното поврзување на династијата, освен со името Македонија по која станала препознатлива, и со македонските историски традиции. Ваквата тенденција на Порфирогенит може да се согледа во неговото дело *Vita Basilii* содржано во „Продолжувачот на Теофан“, што всушност претставува доработка на генеолошката конструкција на верзијата на Лав VI. Комплексниот опис на *Порфирогенит* главно се сведува на акцентирањето на фактот дека Василиј „потекнувал од земјата на Македонците, а по род бил од племето на ерменските Арсакиди“ (“…ἐκ τῆς Μακεδόνων γῆς, τὸ δ`ε γένος εἷλκεν ἒξ ’Αρμενίων ἒθνους ’Αρσακίων”).[8] Со ваквата формулација Порфирогенит мошне умешно ја вметнал македонската традиција во легендата за Василиј I и тоа главно врз основа на територијалниот концепт како асоцијација за потеклото од темата Македонија, интегрирајќи ја притоа со ерменската која била заснована на биолошката компонента.[9] Во тој контекст Порфирогенит го елаборирал сложениот историски расказ за двајцата припадници на семејството на Арсакидите, Артаван и Клиен, кои принудно ја напуштиле Ерменија и се населиле во Константинопол со дозвола на византискиот император Лав I (457-474). Меѓутоа, наскоро заедно со своите семејства го напуштиле Константинопол и се населиле во „македонскиот град Ника“. Подоцна, за време владеењето на византискиот император Ираклиј (610-641) тие биле принудени да се преселат во Филипи „исто така еден од македонските градови“, за по кратко време повторно да го напуштат местото на живеење и трајно се населат во Адријанопол. Во Адријанопол тие „формирале сопствено племе и колено, се умножиле, придобиле не малку богатства, а притоа го почитувале татковото благородништво и ја сочувале чистотата на родот“.[10]

Употребата на македонска терминологија при идентификација на местата на престојување на своите потомци, иако станувало збор генерално за географскиот простор на Тракија, како што е случајот со

---

[8] Theoph. Cont. (Bekker: 212).

[9] На повеќе места во текстот Порфирогенит во континуитет ја повторува поврзаноста на династијата со „Арсакидовиот род“ (Bekker: 212, 215), посебно акцентирајќи го фактот дека чистотата на родот била зачувана и покрај „брачните мешања со местните жители“ во Адријанопол (Bekker: 216-217).

[10] Bekker: 214-216.

Ника[11] и Адријанопол, упатува на евидентната намера на Порфирогенит за утврдување на македонската идентификација на династијата преку нејзиното формално доведување во врска со македонските историски традиции. Тоа несомнено било направено во функција на дополнително возвеличување на потеклото на македонската династија. Во таа смисла *Порфирогенит* паралелно со поврзувањето на потеклото на Василиј I со императорот Константин I преку женска линија, директно ја довел династијата во врска и со Александар Македонски. Во тој контекст при образложувањето на династичката генеологија Порфирогенит го навел расказот за својот дедо, односно таткото на Василиј I, кој се оженил со извесна вдовица од Константинопол, за која „се говорело, не сосема неосновано, дека била во сродство со Константин Велики", како и со Александар Македонски. Креирањето на претставата за возвишеното потекло на македонската династија, Порфирогенит сосема логично ја завршува со констатацијата дека со тоа семејството „се накитило со Александровиот сјај" (καὶ ἀπὸ θατέρου μέρους τὴν 'Αλεξάνδρου ηὔχει λαμπρότητα).[12] Ваквата генеолошка конструкција несомнено ја рефлектира тенденцијата на Константин Порфирогенит, за повикување на империјалната величина преку демонстрирањето на историското наследство на династијата од Арсакидите, Александар Македонски, како и од Константин Велики.[13] Ваквата креирана идеолошка претстава за древното потекло природно нашла рефлексија и во дефинитивното утврдување на македонската апелација која ги придружувала самите имиња на императорите. Имајќи ја предвид

---

[11] За идентификацијата на градот Ника во Тракија, види Soustal, 1991: 374-375. Cf. Крсмановић, Радошевић, 2004: 79.

[12] *Theoph. Cont.* (Bekker: 216).

[13] *Theoph. Cont.* (Bekker: 216). За креирањето на претставата за Константин I како составен дел од идеологијата на македонската династија, како и за асоцијацијата на Порфирогенит со Константин I практикувана во идеолошка смисла низ уметничко и литературно ниво, види Markopoulos, 1994: 159-170. Дека во Константинопол била пропагирана ваквата претстава се потврдува и од сведоштвото на *Лиутпранд од Кремона*, кој наведува дека во византиската престолнина се ширела приказната дека Константин Порфирогенит бил потомок на Константин I (Liutprandi Opera, ed. J. Becker, 1915: 7-8). Крсмановић, Радошевић, 2004: 78-81, сметаат дека вметнувањето на Константин и Александар Македонски во генеологијата на Василиј Македонецот, претставува типичен пример за дворската реторика, укажувајќи дека тоа било направено како противтежа на егзотичноста на Артаксеркс и Арсакидите во функција на стекнување на претстава за историската веродостојност на легендата.

дистинкцијата која ја прави *Порфирогенит* помеѓу географското потекло на неговото семејство од „земјата на Македонците“ со етничкото потекло од „ерменскиот род“, станува сосема јасно дека во неговата перцепција, која сигурно ја споделувала и византиската админстрација, терминот Македонци немал етничка димензија, туку бил употребуван во контекст на идентификација на потеклото на македонската династија од темата Македонија. Друго е прашањето што ваквата идентификација мошне погодно се вклопила во идеолошката конструкција на македонската династија, во контекст на нејзиното возвеличување преку поврзувањето со македонските историски традиции и асоцијацијата со името Македонци, кое станало составен дел од идентитетската апелација и идентификација на самите императори од македонската династија.

Порфирогенит, кој евидентно бил фасциниран од македонската историја, всушност го црпел „македонизмот“ при креирањето на императорскиот идеолошки коцепт на повеќе нивоа: преку фабрикуваната генеологија и Александровиот модел на царство,[14] но и непосредно од традициите поврзани со територијата на Македонија. Илустративен пример за тоа е Порфирогенитовото дело *De thematibus* каде тој прави конкретна историска ретроспектива во однос на „земјата Македонија“ (Μακεδονία ἡ χώρα)[15] наведувајќи ја митолошката врска на Македонците од најстари времиња, продолжувајќи со славната епоха на Филип II и Александар III Македонски, за да констатира дека по освојувањето на Римјаните, Македонија од Царство била трансферирана во провинција, а во негово време била сведена на тема и стратегија. Во тој контекст Порфирогенит сосема прецизно ги наведува темата Стримон и темата Солун, како интегрални делови од Македонија,[16] а воедно прави и конкретна идентификација на Македонците на просторот на Македонија во етнички контекст. Карактеристичен е фактот што

[14] Покрај упатувањето на директната врска со Александар Македонски, при креирањето на легендата за Василиј I, Порфирогенит користи и симболична паралела за неговите способности како „укротувањето на немирниот коњ“ на императорот Михаил III (Bekker: 230-231), алудирајќи со тоа на Александар и Букефалд. Cf. Moracsik, 1961: 100 ff; Tougher, 1997: 27-28.

[15] Const. Porph. *De Thematibus* (Bekker 48).

[16] Пофирогенит наведувајќи ги едно подруго двете теми, наведува дека темата Стримон „е соединета со Македонија“ (τῇ Μακεδονίᾳ συντέτακται ) и дека темата Солун, „која сега се смета за тема исто така е дел од Македонија“ (Τὸ δ`ε νῦᾳ εἰς θέματος τάξιν χρηματίζον Θεσσαλονίκη καὶ αὐτὸ Μακεδονίας μέρος τυγχάνει) - (Bekker: 50).

етничката идентификација на Македонците од страна на Порфирогенит е проследена со наведување на конкретното историско минато, од што произлегува дека Македонците се посочени како директни носители на македонските историски традиции. Во тој контекст Порфирогенит не пропушта да ги поврзе македонските традиции со христијанството, акцентирајќи го апостолското минато на градот Солун, а посебно улогата на „Македонецот Аристарх"(Ἀριστάρχου Μακεδόνος) како придружник на апостол Павле (Bekker: 50). Во согласност со креираната идеологија на македонската династија заснована на идентитетската поврзаност со имињата Македонија и Македонци, Порфирогенит воедно чувствувал за потребно да наведе дека и „Макета е дел од Македонија" односно дека и „Орестија се нарекува Макета од Македон" (Bekker: 48-49). Фактот што со Орестија во византиско време се упатувало на претходната апелација на Адријанопол, дополнително ја потврдува тенденцијата на Порфирогенит за обезбедување на непосредна поврзаност на потеклото на династијата со македонските историски традиции. Порфиорогенит тоа го правел преку креирањето на претстава за Македонија во поширок географско-етнички и админстративен контекст, што упатува на констатацијата дека не само името, туку и територијата на Македонија и традициите кои биле асоцирани со неа, биле клучните фактори кои го инспирирале „македонизмот" како концепт во новата византиска идеологија креирана од Константин Порфирогенит. Во таа смисла Македонија која ги симболизирала и апостолските корени на христијанството во Европа, целосно се вклопувала во византиската идеологија, заснована на империјалната доминација над христијанската екумена. Севкупно гледано, потребата за асоцирање на потеклото на династијата со името Македонија, го правело неопходно и поврзувањето со историската територија на Македонија, како клучен елемент во обезбедувањето на врска со македонските историски традиции. Тоа бил основниот мотив со кој се раководел Порфирогенит, кој впрочем мошне добро бил запознат со историјата и географијата, да ја претстави Македонија во поширок географски и етнички контекст, фокусирајќи го своето образложение на историската територија на Македонија, но истовремено создавајќи претстава за нејзината непосредна поврзаност и интегрираност со истоимената административна област од каде потекнувала династијата.

Во функција на обезбедување своевидна пропаганда за потребите на новата идеологија на династијата, Порфирогенит ги мобилизирал и тогашните интелектуалци од неговото непосредно опкружување, што

како краен исход го имало дефинитивното утврдување на термините Македонија и Македонци како идентитетска апелација за династијата и за самите императори. Авторитетниот историчар Генезиј, во својата „Βασιλεῖαι“, нарачана од Константин Порфирогенит, при претставувањето на генеолошкото потекло на Василиј од древните Арсакиди, го следи Порфирогенит во демонстрирањето на врската со Филип и Александар. Имено Генезиј констатира дека Василиј „исто така одел назад до Филип и Александар, исклучителни владетели, и потекнувал од земјата на Македонците“ (“…ἀλλὰ μὴν καὶ Φιλίππου καὶ ‘Αλεξάνδρου τῆς αὐτῆς σερᾶς ἐξείτο. ὸς Μακεδόσες γῆς ἐχφυεὶς γεννητόρων ἦν κατὰ γενεὰν οὐχ ἀσήμων, τραφείς τε νεανιχῶς..”.[17] Во оваа формулација може да се забележи евидентното влијание од Порфирогенит во контекст на претставувањето на потеклото на Василиј од „земјата на Македонците“, како и идентификацијата на Василиј I како Македонец во идентитетска и диференцијална смисла. Ваквата тенденција е присутна и во расказот на Генезиј за борбата помеѓу Василиј I и извесен прочуен борец кој од бугарскиот кнез Борис бил испратен во Константинопол „за да ги одмерат силите“. Според оваа епизода во арената во Константинопол „Скитот не успеал да го совлада Македонецот“, туку токму спротивното „Македонецот, откако го издигнал одеднаш со здравите раце, силно го завртел, го стегнал и го фрлил на земјата како вистински труп“ кој едвај бил спасен од сигурна смрт. Притоа *Генезиј* го потенцира фактот дека за овој настан и „досега се говори“.[18] Епизодата со херојскиот чин на Василиј I Македонецот, која се пренесувала и орално во Константинопол, евидентно била наменета за потребите на пропагирањето на политичката идеологија на македонската династија.[19] Во таа смисла карактеристична е симболичната паралела која ја прави *Генезиј* со креирањето на претставата за супериорноста на „Македонецот“ (Μακεδόνα), наспроти „Скитот“ (Σκύθης), односно на Византијците над Бугарите. Евидентно дека македонската идентитетска терминологија преку креираната легенда за Василиј I нераздвојно се поврзала со припадниците на самата династија. Во таа смисла, неспорна е улогата на Порфирогенит во креирањето на општата претстава за директната поврзаност на династијата не само со името Македонија и Македонци, туку и со македонските историски

[17] Iosephi Genesii, ed. C.Lachmann, 1834: 107.

[18] Lachmann, 1834: 127-128.

[19] Херојскиот чин на Василиј во борбата со бугарскиот борец, била одржувана и во XII век, за што говори пренесувањето на оваа епизода од Јован Скилица. Ioan. Scyl. (Thurn: 123-124).

традиции.

Ваквата тенденција може да се согледа и во т.н. *Менологиум* составен по нарачка на императорот Василиј II, каде исто така потеклото на византиската династија се поврзува со македонската терминологија. Имено во *Менологиумот на Василиј II* доследно се употребува терминот „Македонија", вклучително и при описот на делата на епископите наведени во посланијата на апостол Павле, како и за ранохристијанските маченништва, а кои се случиле на просторот на Тракија.[20] Забележлива е тенденцијата за поврзување на потеклото на Василиј II со традицијата од апостолските времиња, иако не станувало збор за историска Македонија, туку за истотимената администативна област формирана многу подоцна.

Анализата на делата составени лично од Лав VI и Константин Порфирогенит или нарачани за потребите на нивната идеологија, ја разоткрива континуираната тенденција на претставниците на македонската династија за креирање на претстава за нивната асоцијација со името Македонија и со македонските иториски традиции, што станало и составен дел од идентитетската репрезентација за самите императори. Ваквата идеологија креирана за потребите на македонската династија, за што најголема заслуга имал Константин Порфирогенит, неизбежно нашла рефлексија во перцепцијата на византиските автори особено при нивната топонимска и етнонимска употреба на термините Македонија и Македонци. Политичката идеологија на македонската династија постепено попримила и форма на присвојување, односно исклучување на другите појави на „македонизам", кои произлегувале од територијата на Македонија, а кои биле во спротивност со идеологијата и политиката на Византија. Тоа резултирало со изместување на македонската терминолошка употреба во византиската изворна документација, што се должело и на тенденцијата за нејзино своевидно монополизирање од страна на византиската империјална администрација.[21] Погледнато од оваа перспектива, фабрикуваната легенда за Василиј I имало многу подлабока димензија од самото возвеличување на потеклото на династијата и нејзиното доведување во врска со „Александровиот сјај".

---

[20] Menolog. Basilii II (Migne: col. 136 D-137 A, col. 136 D-137, col. 136 D-137 A, 276 D-277 A, col. 428 A-B).

[21] Панов, 2008: 108-113.

**Литература**


Antonopoulou. T. 1997. The Homilies of the Emperor Leo VI. Brill.

Constantini Porphyrogeniti. 1829. De Ceremoniis Aulae Byzantinae. Ed. J.J. Reiske. Bonn.

Constantini Porphyrogeniti. 1840. De Thematibus. Ed. Bekker. Bonn.

Dagron. G. 2007. Emperors and Priest: The Imperial Office in Byzantium. Cambridge.

Hausherr. I. 1932. Oraison funèbre de Basile I par son fils Léon VI le Sage. Rome.

Ioannis Scylitzae Synopsis Historiarum. 1973. CFHB, V. Ed. J. Thurn. Berlin.

Iosephi Genesii Reges. 1834. Ed C.Lachmann. Bonnae.

Janin. R. 1969. La géographie ecclésiastique de l'empire byzantin, I: Le siège de Constantinople et le Patriarcat Oecuménique, III: Les églises et les monastères des grands centres byzantins. II ed. Paris.

Liutprandi Opera. 1915. Ed. J. Becker. Hannover u. Liepzig.

Macrides. R. 1990. Subversion and Loyalty in the Cult of St. Demetrios. Byzantinoslavica 51. Praha.

Magdalino. P. 1990. St Demetrius and Leo VI. Byzantinoslavica 51. Praha, p. 198-201.

Markopoulos. A. 1992. An anonymous laudatory poem in honour of Basil I. DOP 46. Washington, p. 225-232

Markopoulos. A. 1994. Constantine the Great in Macedonian historiography. New Constantines: The Rhythm of Imperial Renewal in Byzantium, $4^{th}$-$13^{th}$ centuries. Ed. P. Magdalino. London , p. 159-170.

Menologium Basil II. 1894. Ed. Migne, PG 117. Paris.

Moravcsik. G. 1961. Sagen und Legenden uber Kaiser Basileios. DOP 15. Washington, p. 59-126.

Pseudo Symeon, Theophanes Continuatus. 1838. Ed. Bekker. Bonnae.

Schminck. A. 2000. The Beginnings and Origins of the 'Macedonian' Dynasty. Byzantine Macedonia: Identity, Image and History. Ed. R. Scott and J. Burke. Melbourne, 61-8.

Shepard. J. 2008. Approaching Byzantium. The Cambridge History of the Byzantine Empire (c. 500-1492). Ed. J. Shepard. Cambridge.

Soustal P. 1991. Thrakien (Thrake, Rhodope und Haimimontos). Tabula Imperii Byzantini 6. Vienna.

Theoph. Continuatus. 1838. Ed. I. Bekker. Bonn.

Tobias. N. 2007. Basil I Founder of the Macedonian dynasty: A Study of the Political and Military History of the Byzantine Empire in the Ninth Century. Edwin Mellen Press.

Tougher. S. 2008. After iconoclasm (850-886). The Cambridge History of the Byzantine Empire (c. 500-1492) Ed. J. Shepard. Cambridge.

Tougher. S. 1997. The reign of Leo VI (886-912): politics and people. Brill.

Treadgold. W. 2001. A Concise History of Byzantium. Palgrave Macmillan.

Vita Ignatii. 1862. Ed. Migne, PG, 105. Paris.

Vita Theophanous. Zwie griechische Texte fiber die Hl. Theophano, die Gemahlin. Kaisers Leo VI. 1898. Ed. E. Kurtz. Записки императорской Академии наук, 8, III/2, St. Petersburg.

Крсмановић. Б. Радошевић. Н. 2004. Легендарне генеалогије византијских царева и њихових породица. ЗБРВИ 41. Београд, p. 71-98.

Панов. М. Б. 2008. Создавањето на средновековната држава во Македонија. Историја на македонскиот народ. Скопје.